## ТАГАТА, АХ, ТАГАТА

Едно што пристигна Константин сред зима во калливата црноморна Одеса, тукуречи на сретпат до Москва, го поканија, како гостин од јужните краишта, на манастирска гозба, поткрепена со добро суво црвено вино. Го поканија ни на видено ни на чуено, оти со добредојде ги канеа, директно од Комитетот Славјански, сите јужни собраќа, уште од лаѓа неслезени, ги вабеа на име, чиниш  со добра мисла и со широка душа.

И едно што влезе во манастирот, се разлути владиката кога виде сувослаб човечец во пролетноесенски аливца, сред сите тие, уште неседнати на маса, веќе прејадени и препиени владици и попови.

- Не ја испратил есента, а ја чека пролетта, злобно зајаде владиката и нареди да го оддалечат чиниш натрапникот од трпезата.

И кога му кажа игуменот што гостин имаат, го смени лицето од волк на јагне владиката, и онака милозливо, да не речам, снисходливо, го понуди Константина да седне рамно до него, и го понуди со чаша вино црноморско. Црвено црноморско со печен вепар послужено.

Константин не одвети ниту збор и не се напи ниту голтка од виното црвено од црноморските лозја . . .

И не се напи Константин сите идни дни во Москва и уште повеќе ноќи во Минино ниту капка вино. Не за нешто друго, туку само затоа што не беа го понудиле домаќините а и самиот не најде и не откри ниту чаша вино, а камоли билнок или бочка. Вино!

-Минино, ах, Минино, воздивнуваше Константин, впрочем исто како да воздивнуваше, вино, ах, вино. И бескрајно тагуваше. . . додека боледуваше и се лекуваше. . . во Минино.

И не се напи ниту голтка вотка, што  ја имаше во изобилство, каде и да се сврти, какви се не кнезовски вотки и императорски имаше, но не влезе ниту во една гостилница, од тие руските, и какви се ракии самогонки имаше, без мирис и без вкус, по тие манастирите низ непрегледната Русија. Всушност, никогаш не ја заучи вотката ниту безмирисниот самогончик, чистиот огон, оти таа вотката беше ти барала друштво, а ги имаше тие, чиниш, друштвата, во Москва и по манастирите, најмногу заради вотката.

-Да не беше вотката, размислуваше Константин, ќе ги имаше ли сите тие друштва токму такви какви што никогаш не беше ги видел во Македонија, она испивање до капка од дното на срчата што го правеа како Руси студентите безмалку од сите словенски земји, по секој положен испит кај професорот Фјодор Буслаев или кај Измаил Измаилович Срезневски, секогаш на едно исто големо прашање со уште поголемо г, значи за големото обло писмо Глаголица во најстарите македонски ракописи, Зографското и Мариинското, што ги беше донел во Москва истиот професор по чија прва идеја и самиот Константин се беше нашол сред московскиот универзитет, великиот и недостижниот Виктор Иванович.

Не го имаше Константина во сите тие друштва, од една сосема проста причина. Секогаш полагаше испити сам. Тој и професорите и никој друг. И пееше во еден ист ритам. Константин никогаш не зборуваше на испит, тој кажуваше стихови и преданија, и не на руски туку на македонски и ги опиваше професорите со својот глас. Иако научи одлично руски, изговорот му беше ужасен, а напати и неразбирлив дури и за самите Руси, оти не ги дружеше во доволна мера да им ја научи речта како што треба, или пак не го дружеа тие како одвеќе сиромав, а и професорите имаа поинаков однос кон студентите од Македонија, една рака на број.

Во тоа време кога никој не знаеше за највисока оцена, освен Бог со едно големо Б, оти безмалку сета ука се вртеше околу Бога, вредноста на зборовите ја знаеше само професорот Буслаев.

-Зборовите се како парите, ќе кажеше по секој студентски одговор професорот Буслаев. Колку повеќе ги зборуваш, толку повеќе се трошат и помалку вредат. И не пишуваше високи оцени, кога студентот ќе му одговореше со веќе кажаното на час, оти и науката се менуваше од час в час. Кога пак го слушаше Константина на испит, следејќи го повеќе ритамот на неговите стихувани зборови, Буслаев ќе речеше:

- Зборовите на Константина Христевич од Македонија се како благороден пијалак. Бесценет. Трајно опиваат. И ќе му се обратеше:

- Пееш како да наздравуваш пред да се напиеш, млад човеку, па ги опиваш предвреме другите.

За пиење на Константина му требаа и пари и друштво. А Константин пари немаше а имаше само едно друштво - грмада испишани свитоци со букви кои професорот Измаил Измаилович Срезневски не сакаше ни да ги погледне ни да ги зачита.

Во тоа време кога ретко кој знаеше да зачитува книга, вредноста на листовите за пишување и на буквите врежани во нив знаеше да ја определи само професорот Измаил Измаилович. Тој го знаеше секој пергамент од каква кожа е изработен, и само тој ја знаеше секоја хартија, од каква дрвесина е изработена, и на секоја буква и го знаеше мастилото, дали е од малина или од капина, и од кое време и место е. Особено за кирилските. За пергаментите глаголски беше најпрецизен: десетти век, сила единаесетти, Македонија. Латинските и грчките не ги милуваше.

На еден испит, на кој Константин како и обично полагаше сам пред Измаила Измаилович, а и го чувствуваше професорот повеќе како другар, оти студираше повозрасен и по препорака и знаеше повеќе јазици од другите, наместо да одговара, праша:

- А може ли да се изработи дрвесина за хартија од лозови прачки?

Константин не заврши универзитет! Бездруго не заради незадржаното во себе прашање што му го постави на великиот учен, а овој не му одговори. Всушност, го интересираше само едно. Зборник! Во голем број примероци, а не во еден. Голем зборник преисполнет народни песни и преданија што ги беше слушал од моми од Струга до Прилеп и од Охрид до Кукуш и ги загледувал само в усни. Зборник во толку примероци, што колку и да ги

горат, пак да останат. А ништо не гори повеќе и не дава посилен оган од лозова прачка. Како за вршник.

Од најмал на што се сеќаваше самиот Константин, беше горењето книгите во манастирот Свети Наум, каде што одеше заедно со постариот му брат Димитрија, учителот негов. Таму се имаше и причестено на сам ден свети Наум. Со голтка рујно вино, од тиквешките лозја, и со залак леб, од пелагониските житја. Оти во Свети Наум се носеа најубавите вина и најдобриот лебец. Вкусот на таа голтка и мирисот на тој залак ги сеќаваше и во Москва и уште повеќе во Минино и насекаде низ руските пространства, му се навраќаа по манастирите во кои го заслушуваше пријатното пеење, чиниш светиклиментово, и ги вадеше од душата како стих.

Најмногу од се, Константин стихуваше за Македонија. И бладаше во полусон и во полубол. И тагуваше. Особено во Минино. И сам, затворен в соба и во себе. Пееше и гледаше. Недостижни ридје лозја и непрегледни полја житје. . .

Завршок прв:

Константин првпат потем долго време се напи вино на пазарот во Виена, тукуречи на по пат до Струга. Но не рујно, туку златно. И првпат виде вино што сјае како злато и што се пени со златен венец на врвот од врчвата. Беше летна пријатна приквечерина и се растураше пазарот во Виена и една млада мома румена во образите само што го зачу во зборот, го понуди голтка од непродаденото вино.

И за првпат потем долго време не посака мома само за песни пеење, туку посака мома и за во љубов љубење, мома чиниш од јужните краишта, од краезерјата и од крајморјата, што ќе да ја имаше најдено, или таа него, низ пазарите виенски.

Константин беше во друштво со великиот бискуп, Јосип Јурај Штросмаер, кој имаше обичај да шета по пазарите виенски и да го собира својот народ. Како за на вечерна служба!

Константин се опи. Не од виното, туку од златното. Од првпат вкусеното. Дотогаш сонуваше за рујно вино, оти само за такво беше знаел. Со такво го беа причестиле, во манастирот светинаумски, и таа причесна го одржа. До Москва. До Виена. Да може да ја носи тежината на свитоците, за кои веќе самиот веќе се беше заветил да се умножат илјадници од лозови прачки.

И сето време додека со великиот бискуп ја шетаа, речиси цела една година, секој со својата мисла, бискупијата Штросмаерова, ќе се напиеја пред вечерна по една чашка вино со златен венец на врвот на врчвата и по една сафа рујно вино по вечерата. На чело на бесконечните манастирски трпези низ сета бискупија.

Завршок втор:

Век отпосле, помнам како вчера да било, седнаа младите професори Гане Тодоровски и Димитар Митрев, а со нив и постариот од нив, Харалампие Поленаковиќ, и најмладиот меѓу нив, Јован Стрезовски, инаку сите речиси врсници по мисла, во истиот двор во кој пред повеќе од сто и повеќе години, беше седел на исти нивни години великиот Виктор Иванович со старата му мајка на Константина и син и Димитрија кој беше ти бил на иста врс со Виктора, како и на иста врс што ја имаа Гане Тодоровски и Јован Стрезовски во годините отпосле кога седнаа во истиот двор. И пиеја старо тешко вино од стари врчви подадени на табака од нежни невестински раце.

-Што вино ќе е ова олку убаво, праша со еден дебел глас Димитар Митрев, кој ги знаеше сите вина од сета Македонија, оти од дете ја беше прокрстарил сета, а и сакаше да прашува за се што не знае, иако ретко зборуваше.

-Наше е, чист вранец, малку засладен со грска суво грозје и зрно малина, а може и со капина. Тајната во сувото грозје му е и во малината што му ја додаваат, силата од сонцето му е и од краткиот ветрец што дува од север на кај југ, од нозете невестински што го гмечат и од рацете винарски што го лачат. Го има низ струшките лозја и охридските, а го има има и во Тиквешијата и по велешките лозја, го има низ цела Македонија, ама на мали лозја, одговори Јован Стрезовски кој иако речиси на иста врс се чувствуваше студент во тоа друштво.

- Вино е вино, сакаше да пресече Харалампие Поленаковиќ. Ова вино не е вино, мастило е, песни да пишуваш.

- Секое вино треба да има име, го цитираше Гане Тодоровски еден голем виенски теоретичар на литературата, пркосејќи му, без да сака на Димитар Митрев, кој обично се држеше до московските, и додаде - едно вакво вино заслужува име.

-Нека се вика, нека се вика. . . Нека го има во името и Константина, нека ја има и Москва, и Зборникот, и песните Миладинови, и самовилските и јуначките, и личните, и сите песни на овој свет, се дополнуваа друштвото, додека околу нив во чиниш предвреме пристигнатата струшка приквечерина засјајуваа цртите и на Константина и на Димитрија и на Виктора Иванович, а на грнчарското колце на Ристе Миладин чиниш надвиснуваше Кочо Рацин, кој секогаш ќе се најдеше токму таму каде не ќе го најдеа прогонителите. Во добро друштво!

-Нека се пие со добра мисла, дополни Блаже Конески, кој од некаде дојде токму во тој миг не за нешто друго, туку да ги повтори зборовите на стариот виенчанец: Секое вино треба да име, и да дополни, и рујно и златно.

- Нека се вика ова вино Тега за југ, пресече Гане оти виното беше такво со нож да се сече, додека езерото од тивкиот ветар почна да синотемнее.

-Кога езерово синотемнеит, лозјана натежнуваат со најубави гроздови, а кога белеит, житјата класаат најубави зрна, заустија нежните невестински усни, чиниш проговори низ нив сама Султана, мајката Константинова и

Димитриина, небаре во некој никогаш недовршен разговор на истата маса со великиот руски професор Виктор Иванович.

Завршок без крај:

И едно што ја крена Гане чашата да им наздрави на масата, фатија да се  накреваат во Струга поети од до што постои земја на Земјината топка. . .
И песни фатија да се кажуваат неброени и вино да се пие немерено. И рујно и златно, со венец опточено.

автор:
Д-р. Димитар Пандев